# ИНДЕКС
## НА АКТИВНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ
# 2019

USAID
ОД АМЕРИКАНСКИОТ НАРОД

Center for Civil Communications
Центар за граѓански комуникации

# Индекс на активна транспарентност

# 2019

USAID
ОД АМЕРИКАНСКИОТ НАРОД

Center for Civil Communications
Центар за граѓански комуникации

# Индекс на активна транспарентност
# 2019

Скопје, мај 2019 год.

**Индекс на активна транспарентност 2019**

**Издава:**
Центар за граѓански комуникации

**Автори:**
Герман Филков, Сабина Факиќ и Марко Митевски

**Лектура:**
Татјана Б. Ефтимоска

**Ликовно-графичко обликување:**
Датапонс Скопје

**Печати:**
Датапонс Скопје

**Тираж:**
250 примероци

Бесплатен/некомерцијален тираж

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

35.07(497.7)”2019”(047)

ФИЛКОВ, Герман
Индекс на активна транспарентност 2019 / [автори Герман Филков, Сабина Факиќ и Марко Митевски]. - Скопје : Центар за граѓански комуникации, 2019. - 27, 28 стр. : граф. прикази ; 28 см

Насл. стр. не припечатениот текст: Index of active transparency 2019 / authors German Filkov, Sabina Fakikj and Marko Mitevski. - Обата текста меѓусебно печатени во спротивни насоки. - Текст на мак. и англ. јазик. - Содржи и прилози: Прашалници за истражување

ISBN 978-608-4709-75-6
1. Факиќ, Сабина [автор] 2. Митевски, Марко [автор]
а) Јавна администрација - Транспарентност - Македонија - 2019 - Извештаи
COBISS.MK-ID 110546186

Овој извештај е подготвен од страна на Центарот за граѓански комуникации со поддршка на американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД). Мислењата изразени во овој извештај им припаѓаат на авторите и не ги изразуваат ставовите на Агенцијата на САД за меѓународен развој или на Владата на Соединетите Американски Држави.

# Содржина

**Резиме** .......... **7**

**Вовед** .......... **8**

**Методологија** .......... **10**

**Вкупно рангирање според Индексот на активна транспарентност** .......... **11**

**Детална анализа на активната транспарентност за 2019 година** .......... **12**

**Прилози: Прашалници за мониторинг на институциите** .......... **23**

Прашалник за истражување на активната транспарентност на министерствата и на Владата за изработка на Индексот на активна транспарентност .......... 23

Прашалник за истражување на активната транспарентност на Министерството за финансии за изработка на Индексот на активна транспарентност .......... 24

Прашалник за истражување на активната транспарентност на општините и на Град Скопје за изработка на Индексот на активна транспарентност .......... 25

# Кратенки

| | |
|---|---|
| МВР | Министерство за внатрешни работи |
| МЕ | Министерство за економија |
| МЖСПП | Министерство за животна средина и просторно планирање |
| МЗ | Министерство за здравство |
| МЗШВ | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство |
| МИОА | Министерство за информатичко општество и администрација |
| МК | Министерство за култура |
| МЛС | Министерство за локална самоуправа |
| МНР | Министерство за надворешни работи |
| МО | Министерство за одбрана |
| МОН | Министерство за образование и наука |
| МП | Министерство за правда |
| МТВ | Министерство за транспорт и врски |
| МТСП | Министерство за труд и социјална политика |
| МФ | Министерство за финансии |

## Резиме

Активната транспарентност на министерствата и на општините и во 2019 година останува на ниско ниво, иако е порасната во однос на лани. Процентот на исполнетост на обврските за проактивно објавување на информациите кај сите 97 вклучени институции изнесува **56%** (од можни 100%) и е зголемен за 12,5 процентни поени во однос на лани (кога просечно изнесуваше 43,5%).

Трета година по ред, проактивното објавување информации на министерствата е во пораст и тие се значително подобри од општините кои, пак, по двегодишно влошување, првпат бележат подобрување во активната транспарентност. Просечната активна транспарентност на министерствата изнесува 77,6%, додека на општините 51,7%.

Според градацијата на активната транспарентност, најмногу институции, 42%, има во групата со 'добра' транспарентност, а најмалку во најлошата група со 'многу слаба' транспарентност. За разлика од лани, кога во најдобрата група со 'многу добра' активна транспарентност имаше само 2% од институциите, годинава во оваа група има дури 13% од институциите.

Битола го задржа севкупното прво место од лани, додека од министерствата, годинава најдобро рангирано е Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, кое се наоѓа на второто место. Во однос на регионите, Источниот Регион му го зазеде ланскиот примат на Пелагонискиот Регион, додека Скопскиот Регион падна на последното место.

Најмалку информации и министерствата и општините објавуваат за финансиите, и тоа министерствата 57%, а општините само 26% од информациите што треба да ги објавуваат.

Кога станува збор за одговор на барањата за слободен пристап до информациите од јавен карактер што им беа испратени на сите во ист ден и со иста содржина, општините одговорија во просек за 21 ден (лани за 20 дена), а министерствата за 34 дена (лани за 41 ден). Но, за разлика од лани, кога одговорија сите институции, годинава дури 12% од институциите не одговорија на барањата.

Под 'активна транспарентност' се подразбира објавувањето информации на сопствена иницијатива на институциите, без притоа некој да има доставено до нив барање за пристап до тие информации.
Сепак, постои и законска основа за активната транспарентност на институциите, која се наоѓа, пред сè, во Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер, но и во низа други закони, како што се Законот за локалната самоуправа, Законот за буџетите, Законот за јавен долг, Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа и др.
Освен од регулативата, активната транспарентност произлегува и од практиката, односно кога една институција ги прави достапни до сите граѓани одговорите на прашањата што почесто ги добива во форма на барања за слободен пристап до информации од јавен карактер. Исто така, обврски за проактивно објавување информации произлегуваат и од акциските планови во рамките на иницијативата за Отворено владино партнерство.

## Вовед: Зошто активна транспарентност?

Под ʼактивна транспарентностʻ се подразбира објавувањето информации на сопствена иницијатива на институциите, без притоа некој да има доставено до нив барање за пристап до тие информации. Наспроти тоа, во случаите кога до институцијата се доставува барање за одредена информација, станува збор за ʼреактивна транспарентностʻ.

Потребата од проактивното објавување информации произлегува оттаму што на тој начин се обелоденуваат:

- » информации за регулативата и за одлуките на властите, со што се остварува правото на граѓаните да бидат информирани за своите права и обврски во општеството;
- » информации коишто им се потребни на граѓаните за да бараат одговорност од властите;
- » информации коишто им се неопходни на граѓаните за да можат да учествуваат во процесот на донесувањето одлуки и
- » информации коишто им се потребни на граѓаните за да можат да пристапуваат кон услугите што ги нудат јавните институции.

И самата институција којашто објавува информации врз проактивна основа остварува корист по неколку основи:

- » активната транспарентност ѝ помага на институцијата да биде поодговорна во трошењето на јавните пари;
- » на тој начин институцијата ги промовира принципите на добро владеење и интегритет и
- » институцијата е поефикасна бидејќи подобро управува со информациите со коишто располага.

Се чини дека развојот на техниката и технологиите одат рака под рака и ја помагаат активната транспарентност на институциите, бидејќи начините за дистрибуција на информациите кои ги поседуваат институциите, а кои се од корист за граѓаните, се побројни и полесно достапни.

Законската основа за активната транспарентност на институциите се наоѓа во Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер. Овој закон, освен што пропишува обврска до институциите да одговорат на барањата за пристап до информации од јавен карактер, содржи и одредби за проактивно објавување информации, односно за самостојно објавување информации.

Натаму, низа други закони пропишуваат обврски за институциите да објавуваат информации врз проактивна основа. Станува збор за одредби во Законот за локалната самоуправа, во Законот за буџетите, во Законот за јавен долг, во Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа и др.

Освен од регулативата, активната транспарентност произлегува и од практиката. Се смета за добра практика во светот кога една институција ги прави достапни до сите граѓани одговорите на прашањата што почесто ги добива во форма на барања за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Доброволно објавените информации им помагаат на граѓанските организации и на истражувачките новинари да изработуваат и да објавуваат истражувања кои им помагаат на граѓаните подобро да

го разберат функционирањето на институциите, нивните права и обврски, начинот на којшто можат да влијаат врз донесувањето на одлуките кои се рефлектираат врз нивното секојдневно живеење и работење, како и полесно да им пристапат на услугите што им ги нуди државата.

Во принцип, една институција може проактивно да ги објави сите информации со кои располага, освен оние за кои во законот постојат исклучоци.

Активната транспарентност е релативно нов поим во светот. Оттука, не постојат ниту некои пропишани стандарди за тоа кои сè информации, освен оние пропишани со закон, институциите треба да ги објавуваат. Сепак, анализата на практиката од многу земји упатува на некои минимум информации кои една институција треба да ги објавува како дел од активната транспарентност.

Кога објавуваат проактивно одредени информации, институциите треба да се раководат од тоа начинот на којшто ги објавуваат информациите да биде исплатлив и ефективен, односно да биде лесно достапен за најширок круг граѓани. Исто така, искрената активна транспарентност подразбира институцијата да ги информира граѓаните и заинтересираните страни за објавените информации и да го поттикнува пристапот до нив и нивното користење.

Проактивно објавените информации треба да бидат лесно достапни и разбирливи, да можат да се употребат, да бидат релевантни (во соработка со граѓанските организации и новинарите може да се провери кои се релевантни информации) и да се ажурираат редовно.

Врз основа на сево ова, Центарот за граѓански комуникации изработи детална методологија за сеопфатно истражување кое го мери степенот на активна транспарентност на државните институции. Идејата на ова истражување и на рангирањето на институциите во т.н. Индекс на активна транспарентност е да им се помогне на институциите околу тоа кои информации треба да ги објавуваат и да се поттикнат да ги објавуваат тие информации.

## Методологија

Истражувањето е спроведено врз основа на претходно изработени методологија и структурирани прашалници за состојбата на исполнетост на обврските за активно објавување на информациите на интернет-страниците на институциите.

Основа за изработката на прашалниците претставуваа законските обврски што ги имаат институциите за објавување информации од разни сфери кои се од важност за граѓаните и кои влијаат врз нивните животи и работењето. Во оваа смисла, земени се предвид, пред сè, обврските кои произлегуваат од Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер и оние обврски од други закони кои се однесуваат на трошењето јавни пари.

Истражувањето се прави четврта година по ред на институциите кои се директни носители на извршната власт на централно и на локално ниво, односно на Владата, на министерствата и на локалните власти, односно на општините и градот Скопје.

Имајќи ги предвид различните обврски за активно објавување информации на властите на национално и на локално ниво (општините имаат далеку поголеми обврски во оваа смисла), истражувањето се спроведува врз основа на два прашалници. Едниот прашалник е за министерствата и за Владата, а другиот е за единиците на локалната самоуправа, односно за општините и за градот Скопје. Притоа, прашалникот за Министерството за финансии содржи повеќе прашања, во согласност со повеќето обврски за објавување информации за ова министерство во однос на другите.

Во зависност од важноста, степенот и обемот на објавените информации на интернет-страниците на институциите што се истражуваа, за секое прашање се доделуваат бодови. Освен преку истражување на исполнетоста на обврските за објавување информации според прашалникот, како дел од истражувањето се испрати исто тест-барање за слободен пристап до информации од јавен карактер до сите вклучени институции во истражувањето, заради оценување на навременоста и целосноста на добиените одговори. Максималните бодови што може да ги добие едно министерство и Владата се 40, Министерството за финансии може да добие максимум 46 бодови, а општините и Град Скопје 64, односно 65.

Иницијалното истражување се спроведе од 6 до 20 март 2019 година. Финалното рангирање на институциите е извршено според степенот (процентот) на исполнување на обврските, т.е. индексот на транспарентност, којшто се добива како однос меѓу бројот на доделени бодови и вкупниот број на можни бодови. Притоа, 0 е најнизок ранг, а 100 највисок.

Активната транспарентност на институциите е поделена во пет групи, во зависност од степенот на исполнетост на обврските. Институциите со 80-100% исполнетост се рангирани во групата ʼмногу добраʻ, оние со 60-80% во групата ʼдобраʻ, институциите со 40-60% исполнетост во групата ʼпросечнаʻ, од 20-40% исполнетост во групата ʼслабаʻ и од 0-20% во групата ʼмногу слабаʻ активна транспарентност.

## Вкупно рангирање според Индексот на активна транспарентност

| Ранг | Институција | Резултат |
|---|---|---|
| | **МНОГУ ДОБРА** | |
| 1 | Битола | 87,7 |
| 2 | МЗШВ | 87,5 |
| 3 | Влада на РСМ | 85,0 |
| 3 | Мин. за локална самоуправа | 85,0 |
| 3 | Министерство за одбрана | 85,0 |
| 6 | Гевгелија | 84,6 |
| 6 | Кавадарци | 84,6 |
| 8 | Велес | 83,1 |
| 9 | Министерство за правда | 82,5 |
| 10 | Берово | 81,5 |
| 10 | Охрид | 81,5 |
| 12 | МВР | 80,0 |
| 12 | МОН | 80,0 |
| | **ДОБРА** | |
| 14 | Куманово | 78,5 |
| 15 | Министерство за економија | 77,5 |
| 15 | Министерство за здравство | 77,5 |
| 17 | Министерство за финансии | 76,1 |
| 18 | Струмица | 75,4 |
| 19 | МЖСПП | 75,0 |
| 19 | МИОА | 75,0 |
| 19 | МТСП | 75,0 |
| 22 | Гостивар | 73,8 |
| 22 | Демир Хисар | 73,8 |
| 24 | Град Скопје | 73,4 |
| 25 | МНР | 72,5 |
| 25 | МТВ | 72,5 |
| 27 | Василево | 72,3 |
| 27 | Прилеп | 72,3 |
| 29 | Гази Баба | 71,9 |
| 30 | Илинден | 70,8 |
| 30 | Крива Паланка | 70,8 |
| 30 | М. Каменица | 70,8 |
| 33 | Кочани | 69,2 |
| 34 | Вевчани | 67,7 |
| 34 | Ресен | 67,7 |
| 36 | Аеродром | 67,2 |
| 36 | Кисела Вода | 67,2 |
| 38 | Дебрца | 66,2 |
| 38 | Зрновци | 66,2 |
| 38 | Пехчево | 66,2 |
| 38 | Штип | 66,2 |
| 42 | Карпош | 65,6 |
| 43 | М. Брод | 64,6 |
| 43 | Струга | 64,6 |
| 43 | Тетово | 64,6 |
| 46 | Кичево | 63,1 |
| 46 | Чешиново-Облешево | 63,1 |
| 48 | Ѓорче Петров | 62,5 |
| 49 | Богданци | 61,5 |
| 49 | Желино | 61,5 |
| 49 | Јегуновце | 61,5 |
| 49 | Пробиштип | 61,5 |
| 49 | Свети Николе | 61,5 |
| 54 | Делчево | 60,0 |
| 54 | Крушево | 60,0 |
| | **ПРОСЕЧНА** | |
| 56 | Валандово | 56,9 |
| 56 | Кратово | 56,9 |
| 58 | Министерство за култура | 55,0 |
| 59 | Дебар | 53,8 |
| 59 | Новаци | 53,8 |
| 61 | Радовиш | 52,3 |
| 61 | Чашка | 52,3 |
| 63 | Шуто Оризари | 51,6 |
| 64 | Брвеница | 50,8 |
| 65 | Центар | 50,0 |
| 66 | Градско | 49,2 |
| 66 | Маврово и Ростуше | 49,2 |
| 68 | Виница | 46,2 |
| 68 | Могила | 46,2 |
| 70 | Неготино | 44,6 |
| 71 | Демир Капија | 43,1 |
| 71 | Долнени | 43,1 |
| 73 | Чаир | 40,6 |
| | **СЛАБА** | |
| 74 | Босилово | 36,9 |
| 75 | Боговиње | 35,4 |
| 76 | Бутел | 34,4 |
| 76 | Сарај | 34,4 |
| 78 | Кривогаштани | 33,8 |
| 79 | Дојран | 30,8 |
| 79 | Карбинци | 30,8 |
| 79 | Конче | 30,8 |
| 79 | Ново Село | 30,8 |
| 83 | Лозово | 29,2 |
| 83 | Ранковце | 29,2 |
| 85 | Врапчиште | 27,7 |
| 86 | Липково | 21,5 |
| 87 | Старо Нагоричане | 20,0 |
| | **МНОГУ СЛАБА** | |
| 88 | Центар Жупа | 18,5 |
| 89 | Студеничани | 15,4 |
| 89 | Чучер-Сандево | 15,4 |
| 91 | Арачиново | 13,8 |
| 91 | Петровец | 13,8 |
| 91 | Теарце | 13,8 |
| 94 | Росоман | 12,3 |
| 95 | Зелениково | 10,8 |
| 95 | Сопиште | 10,8 |
| 97 | Пласница | 9,2 |

# Детална анализа

## Активната транспарентност е подобрена, но општото ниво останува ниско

Просечната активна транспарентност на сите 97 вклучени институции за 2019 година изнесува 56% (од максимално можни 100%) и според градацијата на нивоата, спаѓа во 'просечна' активна транспарентност.

Сепак, активната транспарентност во 2019 година бележи позначително зголемување од 12,5 процентни поени во однос на 2018 година, кога просечниот резултат изнесуваше 43,5%.

За разлика од лани, годинава најмногу институции (42%) има во групата 'добра' активна транспарентност, додека се намалува бројот на институции во најлошата група ('многу слаба' активна транспарентност), а се зголемува бројот на институции во најдобрата група ('многу добра' активна транспарентност).

## Процентуална застапеност на институциите во одделните нивоа на активна транспарентност




## Министерствата и натаму значително подобри од општините

Трета година по ред расте активната транспарентност на министерствата, додека по двегодишниот пад, конечно пораст забележува и активната транспарентност на општините. Тоа придонесе и за пораст на општата активна транспарентност на сите вклучени 97 институции. Сепак, остана големиот јаз меѓу степенот на активна транспарентност на министерствата и на општините.

### Движење на активната транспарентност по години




Иако и општините и министерствата во 2016 година почнаа од речиси исто ниво на активната транспарентност (општини 45%, министерства 44%), во период од три години, просечната активна транспарентност на министерствата и на Владата скокна на 77,6%, додека активната транспарентност на општините достигна само до 51,7%.

### По двегодишен пад, пораст на активната транспарентност и кај општините

И покрај порастот во 2019 година, нивото на активна транспарентност на општините е 'просечно'. Просечното ниво на активна транспарентност на општините во 2019 година изнесува 51,7 и во однос на лани е зголемено за 12,7 процентни поени.

И годинава како и лани, меѓу првите 20 најдобро рангирани институции само 8 се општини, за разлика од 2017 година, кога меѓу првите 20 институции дури 16 беа општини. Сепак, како и сите години досега, на првото место од сите 97 институции се наоѓа една општина. Наспроти тоа, само општини ги заземаат последните 39 места на ранг-листата.

Дури 70 општини ја подобриле својата активна транспарентност, додека 11 ја влошиле.

Лидери во подобрувањето се четири општини: Брвеница, Шуто Оризари, Желино и Валандово. Кај сите нив, процентот на исполнетост на обврските, само за една година, пораснал за повеќе од 40 процентни поени.

## Министерствата и натаму се подобруваат, но не толку како лани

Општото ниво на активна транспарентност кај министерствата е зголемено за 11,6 процентни поени, од 66% лани на 77,6% годинава. Подобрувањето, сепак, е помало од ланското кога просечната активна транспарентност на министерствата скокна за 18 процентни поени.

Пораст на активната транспарентност има кај сите министерства. Најуспешни, односно министерства со најголемо подобрување на активната транспарентност се Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, со скок од 23,2 процентни поени, Министерството за транспорт и врски и Владата, со скок од по 22,5 поени, како и Министерството за животна средина и просторно планирање, со скок од 20,2 поени.

## Рангирање на министерствата според активната транспарентност

| Ранг | Вк. ранг | Институција | Резултат 2019 | Резултат 2018 | Промена (% поени) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | Мин. за земјоделство, шумарство. и водостоп. | 87,5 | 64,3 | 23,2 |
| 2 | 3 | Влада на РСМ | 85,0 | 62,5 | 22,5 |
| 2 | 3 | Министерство за локална самоуправа | 85,0 | 69,0 | 16,0 |
| 2 | 3 | Министерство за одбрана | 85,0 | 78,6 | 6,4 |
| 5 | 9 | Министерство за правда | 82,5 | 69,0 | 13,5 |
| 6 | 12 | Министерство за внатрешни работи | 80,0 | 71,4 | 8,6 |
| 6 | 12 | Министерство за образование и наука | 80,0 | 78,6 | 1,4 |
| 8 | 15 | Министерство за економија | 77,5 | 71,4 | 6,1 |
| 8 | 15 | Министерство за здравство | 77,5 | 66,7 | 10,8 |
| 10 | 17 | Министерство за финансии | 76,1 | 64,6 | 11,5 |
| 11 | 19 | Мин. за животна средина и просторно планирање | 75,0 | 54,8 | 20,2 |
| 11 | 19 | Мин. за информатичко општ. и администрација | 75,0 | 64,3 | 10,7 |
| 11 | 19 | Министерство за труд и социјална политика | 75,0 | 69,0 | 6,0 |
| 14 | 25 | Министерство за надворешни работи | 72,5 | 69,0 | 3,5 |
| 14 | 25 | Министерство за транспорт и врски | 72,5 | 50,0 | 22,5 |
| 16 | 58 | Министерство за култура | 55,0 | 52,4 | 2,6 |
| | | **ПРОСЕК** | **77,6** | **66,0** | **11,6** |

Само едно министерство, Министерството за култура, има ʼпросечнаʻ активна транспарентност (исполнетост на обврските меѓу 40% и 60%), додека сите други се во двете најдобри групи, и тоа: осум министерства спаѓаат во групата со ʼдобраʻ активна транспарентност (исполнетост меѓу 60% и 80%), а останатите седум во најдобрата група со ʼмногу добраʻ активна транспарентност (исполнетост од 80% до 100%).

## И натаму најмалку информации се објавуваат за буџетите и за финансиите

Во однос на одделните области на активната транспарентност – институциите објавуваат најмногу информации од областа на пристапот до информации, а најмалку од областа на буџетската и финансиската транспарентност.

Во делот на **пристапот до информации**, процентот на исполнетост на обврските за активно објавување на овие информации, кои произлегуваат главно од Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер, кај општините изнесува 67% (лани 48%), додека кај министерствата и

Владата овој процент е значително повисок и изнесува 95% (лани 94%).

Кај областа **информации за надлежноста и за услугите**, општините имаат просечна исполнетост на обврските за активна транспарентност од 68% (лани 37%), а министерствата од 86% (лани 72%).

И општините и министерствата најслабо стојат кај активното објавување информации од областа **буџетска и фискална транспарентност**, каде што од можни 100%, општините исполнуваат само 26% (лани 25%), а министерствата 57% (лани 26%) од обврските за активно објавување информации.




Кај општините има и четврта област, која се однесува на **информациите за нивните специфични надлежности**, каде што процентот на исполнување на обврските за активно објавување информации изнесува 47% (лани 36%).

## Регионална споредба: Источниот Регион изби на првото место, а Скопскиот падна на последното

Сите региони бележат подобрување на активната транспарентност. По две години водство, Пелагонискиот Регион го загуби приматот меѓу регионите според исполнетоста на обврските за проактивно објавување на информации. Годинава на прво место изби Источниот Регион, со просечно ниво на исполнување на обврските од 62%, со што е единствениот регион со 'добра' активна транспарентност. Сите останати региони имаат 'просечна' активна транспарентност, со исполнување на обврските меѓу 40% и 60%. Лани, дури три региони имаа исполнетост на обврските меѓу 20% и 40%, односно 'слаба' активна транспарентност.

Највисок скок во активната транспарентност во 2019 година има Полошкиот Регион, којшто од ланското последно место сега скокна на шестата позиција. На дното е Скопскиот Регион, којшто и покрај подобрувањето во однос на лани, сепак падна за едно место, од претпоследната на последната позиција.

## Рангирање на регионите според активната транспарентност




## Источен Регион 62% (лани 46,1%)

Источниот Регион стана лидер меѓу регионите според активната транспарентност во 2019 година, со просечно исполнување на обврските од 62%, за разлика од ланските 46,1%. Во рамките на регионот, пак, Штип ја загуби лидерската позиција од Берово, кое од ланското седмо место скокна на прво. Меѓу општините со позначително подобрување на активната транспарентност се и Македонска Каменица и Зрновци. Виница, пак, од ланското петто место во рамките на регионот сега е падната на десеттото. Карбинци и лани и годинава е на последното место во регионот.

| Ранг | Вк.ранг | Општина | Резултат |
|---|---|---|---|
| 1 | 10 | Берово | 81,5 |
| 2 | 30 | М. Каменица | 70,8 |
| 3 | 33 | Кочани | 69,2 |
| 4 | 38 | Зрновци | 66,2 |
| 4 | 38 | Пехчево | 66,2 |
| 4 | 38 | Штип | 66,2 |
| 7 | 46 | Чешиново - Облешево | 63,1 |
| 8 | 49 | Пробиштип | 61,5 |
| 9 | 54 | Делчево | 60,0 |
| 10 | 68 | Виница | 46,2 |
| 11 | 79 | Карбинци | 30,8 |

## Пелагониски Регион 59,8% (лани 48,6%)

Пелагонискиот Регион го загуби ланското водство меѓу регионите според активната транспарентност. Со 59,8% исполнетост на обврските го зазеде второто место. Лидерот во регионот, Битола, и годинава остана на врвот. Демир Хисар скокна од петтото на второто место, а Прилеп се задржа на третото. Нема промени во втората половина од ранг-листата. Последна и годинава остана Општина Кривогаштани, која е единствена во групата на општини со 'слаба' активна транспарентност.

| Ранг | Вк.ранг | Општина | Резултат |
|---|---|---|---|
| 1 | 1 | Битола | 87,7 |
| 2 | 22 | Демир Хисар | 73,8 |
| 3 | 27 | Прилеп | 72,3 |
| 4 | 34 | Ресен | 67,7 |
| 5 | 54 | Крушево | 60,0 |
| 6 | 59 | Новаци | 53,8 |
| 7 | 68 | Могила | 46,2 |
| 8 | 71 | Долнени | 43,1 |
| 9 | 78 | Кривогаштани | 33,8 |

## Југозападен Регион 54,4% (лани 36,7%)

Со скок од три места, Југозападниот Регион е вистински добитник во однос на активната транспарентност за 2019 година кој од шестото место сега се искачи на третата позиција. Водството го задржа Охрид, а последното место Пласница. Сите други општини ги сменија своите позиции во рангирањето. Дури две општини, Пласница и Центар Жупа, се во најлошата група со 'многу слаба' активна транспарентност. Другите имаат 'просечна', а Охрид 'многу добра' активна транспарентност. Вевчани и Дебрца бележат позначителни подобрувања, а Дебар влошување на позицијата во рамките на регионот.

| Ранг | Вк.ранг | Општина | Резултат |
|---|---|---|---|
| 1 | 10 | Охрид | 81,5 |
| 2 | 34 | Вевчани | 67,7 |
| 3 | 38 | Дебрца | 66,2 |
| 4 | 43 | Македонски Брод | 64,6 |
| 4 | 43 | Струга | 64,6 |
| 6 | 46 | Кичево | 63,1 |
| 7 | 59 | Дебар | 53,8 |
| 8 | 88 | Центар Жупа | 18,5 |
| 9 | 97 | Пласница | 9,2 |

## Југоисточен Регион 53,2% (лани 42,5%)

Југоисточниот Регион е единствениот што се наоѓа на истата позиција како и лани, односно на четвртото место. Мали промени има и во рангирањето на општините во рамките на регионот. Гевгелија годинава е прва, пред Струмица, која падна на второто место. Единствена позначајна промена има кај Валандово, општина која од ланското последно место, сега е петта во регионот. Гевгелија е вторprès рангирана од сите општини во земјава, со 'многу добра' активна транспарентност. Дури четири општини спаѓаат во групата со 'слаба' транспарентност, односно онаа со исполнување на обврските меѓу 20% и 40%.

| Ранг | Вк.ранг | Општина | Резултат |
|---|---|---|---|
| 1 | 6 | Гевгелија | 84,6 |
| 2 | 18 | Струмица | 75,4 |
| 3 | 27 | Василево | 72,3 |
| 4 | 49 | Богданци | 61,5 |
| 5 | 56 | Валандово | 56,9 |
| 6 | 61 | Радовиш | 52,3 |
| 7 | 74 | Босилово | 36,9 |
| 8 | 79 | Дојран | 30,8 |
| 8 | 79 | Конче | 30,8 |
| 8 | 79 | Ново Село | 30,8 |

## Вардарски Регион 51,1% (лани 42,6%)

Вардарскиот Регион падна од третото на петтото место според активната транспарентност. Велес ја загуби лидерската позиција од ланскиот вицешампион Кавадарци. Свети Николе скокна од петтото на третото место, Градско од осмото на петтото место, додека Лозово падна од четвртото на осмото место. Последна остана Росоман, со 'многу слаба' активна транспарентност.

| Ранг | Вк.ранг | Општина | Резултат |
|---|---|---|---|
| 1 | 6 | Кавадарци | 84,6 |
| 2 | 8 | Велес | 83,1 |
| 3 | 49 | Свети Николе | 61,5 |
| 4 | 61 | Чашка | 52,3 |
| 5 | 66 | Градско | 49,2 |
| 6 | 70 | Неготино | 44,6 |
| 7 | 71 | Демир Капија | 43,1 |
| 8 | 83 | Лозово | 29,2 |
| 9 | 94 | Росоман | 12,3 |

## Полошки Регион 48,7% (лани 27,0%)

Лани на последното место, Полошкиот Регион годинава се наоѓа на петтото место во рамки на регионите според активната транспарентност. На првото место изби Гостивар, пред ланскиот лидер Тетово. Желино скокна од петтото на третото место, а Маврово и Ростуше падна од третото на шестото. И лани последната Брвеница сега се искачи на петтото место, додека оваа година на последното место се најде Теарце, кое е единствена општина во регионот со 'многу слаба' активна транспарентност.

| Ранг | Вк.ранг | Општина | Резултат |
|---|---|---|---|
| 1 | 22 | Гостивар | 73,8 |
| 2 | 43 | Тетово | 64,6 |
| 3 | 49 | Желино | 61,5 |
| 4 | 49 | Јегуновце | 61,5 |
| 5 | 64 | Брвеница | 50,8 |
| 6 | 66 | Маврово и Ростуше | 49,2 |
| 7 | 75 | Боговиње | 35,4 |
| 8 | 85 | Врапчиште | 27,7 |
| 9 | 91 | Теарце | 13,8 |

## Североисточен Регион 46,2% (лани 41,5%)

Со најмало подобрување во однос на лани според активната транспарентност, Североисточниот Регион падна од петтото на седмото место меѓу регионите. Куманово ѝ го одзеде приматот на Крива Паланка, додека кај другите места нема промени. Трите општини на дното на листата, Старо Нагоричане, Липково и Ранковце, имаат 'слаба' активна транспарентност, додека во средината е Кратово, со 'просечна' активна транспарентност.

| Ранг | Вк.ранг | Општина | Резултат |
|---|---|---|---|
| 1 | 14 | Куманово | 78,5 |
| 2 | 30 | Крива Паланка | 70,8 |
| 3 | 56 | Кратово | 56,9 |
| 4 | 83 | Ранковце | 29,2 |
| 5 | 86 | Липково | 21,5 |
| 6 | 87 | Старо Нагоричане | 20,0 |

## Скопски Регион 42,8% (лани 32,6%)

Лани претпоследен, Скопскиот Регион годинава го заседе последното место меѓу регионите според активната транспарентност на општините во него. Град Скопје скокна од осмото на првото место, но најуспешна е Шуто Оризари, која од ланското претпоследно, шеснаесетто место, годинава се најде на осмото место. Наспроти ова, Сопиште падна на последното место од ланското единаесетто. Ѓорче Петров падна од второто на седмото место, а Центар од третото на деветтото.

| Ранг | Вк.ранг | Општина | Резултат |
|---|---|---|---|
| 1 | 24 | Град Скопје | 73,4 |
| 2 | 29 | Гази Баба | 71,9 |
| 3 | 30 | Илинден | 70,8 |
| 4 | 36 | Аеродром | 67,2 |
| 4 | 36 | Кисела Вода | 67,2 |
| 6 | 42 | Карпош | 65,6 |
| 7 | 48 | Ѓорче Петров | 62,5 |
| 8 | 63 | Шуто Оризари | 51,6 |
| 9 | 65 | Центар | 50,0 |
| 10 | 73 | Чаир | 40,6 |
| 11 | 76 | Бутел | 34,4 |
| 11 | 76 | Сарај | 34,4 |
| 13 | 89 | Студеничани | 15,4 |
| 13 | 89 | Чучер Сандево | 15,4 |
| 15 | 91 | Арачиново | 13,8 |
| 15 | 91 | Петровец | 13,8 |
| 17 | 95 | Зелениково | 12,3 |
| 18 | 95 | Сопиште | 10,8 |

## Тие што одговорија на барањето за слободен пристап до јавни информации, тоа го сторија просечно за 22 дена

Иако просечниот рок во којшто мониторираните институции одговорија на барањата за слободен пристап до информациите од јавен карактер се подобри за еден ден, сепак, за разлика од лани, кога на барањата одговорија сите институции, годинава дури 12% од институциите не одговорија на испратеното барање и не ги доставија бараните информации.

Просечно, институциите одговорија на испратените барања во рок од 22 дена (лани 23 дена), при што просекот во којшто одговорија општините изнесува 21 дена (лани 20 дена), а министерствата 34 дена (лани 41 ден).




Од оние институции што одговорија на барањето за слободен пристап до информациите од јавен карактер што им беше испратено ист ден и со иста содржина, 73% одговорија во рамките на максималниот законски рок од 30 дена, а 27% го испратиле одговорот со задоцнување.




77% од општините одговориле во рамките на максималниот законски рок од 30 дена (лани 78%), додека тоа во рокот го сториле само 45% од министерствата (лани 31%).

## Победници и губитници

Дури 86 од 97-те рангирани институции ја подобриле својата активна транспарентност во 2019 година во однос на лани, додека влошување има само кај 11. Најголемо поединечно подобрување има кај Брвеница (за 47,8 поени), Шуто Оризари (за 47,1 проценти поени), Желино (за 46,6 поени) и Ва-

ландово (за 45 поени). Од министерствата, најголем скок има кај Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (за 23,2 поени) и кај Владата (за 22,5 поени).

Наспроти ова, институции со најголеми негативни промени се општините Лозово (за 18,6 поени) и Центар (за 12,1 поени).

## Годишна промена во активната транспарентност (2019/2018 година)

| Институција | Промена во процентни поени | Институција | Промена во процентни поени |
|---|---|---|---|
| Брвеница | 47,8 | Центар Жупа | 11,0 |
| Шуто Оризари | 47,1 | Чучер-Сандево | 10,9 |
| Желино | 46,6 | Мин. за здравство | 10,8 |
| Валандово | 45,0 | МИОА | 10,7 |
| Кичево | 37,7 | Гази Баба | 9,8 |
| Берово | 33,7 | Куманово | 9,8 |
| Чешиново-Облешево | 28,8 | Пехчево | 9,5 |
| Чаир | 28,5 | Тетово | 9,4 |
| Вевчани | 27,4 | Дебар | 9,0 |
| Дебрца | 25,9 | МВР | 8,6 |
| Градско | 25,3 | Охрид | 8,4 |
| Боговиње | 25,0 | Ново Село | 8,4 |
| МЗШВ | 23,2 | Петровец | 7,8 |
| Пробиштип | 22,7 | Босилово | 7,0 |
| Влада на РСМ | 22,5 | Ранковце | 6,8 |
| МТВ | 22,5 | Илинден | 6,6 |
| Бутел | 22,3 | Мин. за одбрана | 6,4 |
| Кавадарци | 21,9 | Богданци | 6,3 |
| М. Каменица | 21,5 | Мин. за економија | 6,1 |
| Јегуновце | 21,2 | МТСП | 6,0 |
| Свети Николе | 21,2 | Штип | 5,0 |
| Град Скопје | 20,4 | Теарце | 4,8 |
| МЖСПП | 20,2 | Росоман | 4,8 |
| Гостивар | 20,1 | Делчево | 4,8 |
| Демир Хисар | 20,1 | Неготино | 4,3 |
| Струга | 19,8 | Битола | 4,1 |
| Зрновци | 18,4 | Дојран | 3,9 |
| Демир Капија | 17,7 | МНР | 3,5 |
| Долнени | 17,7 | Пласница | 3,2 |
| Врапчиште | 17,3 | Маврово и Ростуше | 2,9 |
| Старо Нагоричане | 17,0 | Мин. за култура | 2,6 |
| М. Брод | 16,8 | Сарај | 2,6 |
| МЛС | 16,0 | Велес | 2,5 |
| Студеничани | 15,4 | Струмица | 2,3 |
| Прилеп | 14,1 | Зелениково | 1,8 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Карбинци | 14,0 | МОН | 1,4 |
| Мин. за правда | 13,5 | Липково | 0,6 |
| Гевгелија | 13,0 | Ѓорче Петров | -1,1 |
| Кривогаштани | 12,9 | Крива Паланка | -2,3 |
| Аеродром | 12,7 | Крушево | -2,7 |
| Кисела Вода | 12,7 | Радовиш | -2,9 |
| Василево | 12,6 | Чашка | -2,9 |
| Новаци | 12,0 | Кратово | -4,3 |
| Могила | 11,9 | Виница | -4,5 |
| Мин. за финансии | 11,5 | Арачиново | -7,1 |
| Конче | 11,4 | Сопиште | -7,1 |
| Карпош | 11,1 | Центар | -12,1 |
| Кочани | 11,0 | Лозово | -18,6 |
| Ресен | 11,0 | | |

# Прилози: Прашалници за истражување

## 1. Прашалник за истражување на активната транспарентност на министерствата и на Владата за изработка на Индексот на активна транспарентност

**Прва група прашања: Пристап до информации**

1. Дали има на интернет-страницата посебен оддел за пристап до информации?

2. Дали тој посебен оддел за пристап до информации се наоѓа на основното мени, на почетната страна или до него се доаѓа со клик?

3. Дали е објавено името на службеното лице за посредување со информации?

4. Дали се објавени основни податоци за контакт со имателот на информацијата (адреса, телефон, е-маил)?

5. Дали е објавена листа на информации со кои располага институцијата?

**Втора група прашања: Информации за надлежноста и за услугите**

6. Дали се објавени прописите кои се однесуваат на надлежноста на имателот на информации?

7. Дали се објавени предлог-програми, програми, стратегии, ставови, мислења, студии и др. слични документи од надлежноста на имателот?

8. Дали се објавени информации за надлежностите на институцијата?

9. Дали се објавени услугите што ги дава институцијата?

10. Дали е објавена организациската структура (шема, органограм) на институцијата?

11. Дали се објавени имиња на вработени/раководители со контакти?

12. Дали се издава информативен билтен или друг облик на информирање?

**Трета група прашања: Буџетска и финансиска транспарентност**

13. Дали е објавен буџетот на институцијата за тековната година?

14. Дали е објавена завршна сметка на буџетот за претходната година?

15. Дали е објавена скратена верзија од стратешкиот план за тековната година?

16. Дали се објавуваат тековни огласи за јавни набавки?

17. Дали се објавуваат тендерски документации за тековните огласи?

18. Дали е објавен годишен план за јавни набавки за тековната година?

19. Дали се објавуваат известувања за склучен договор од јавни набавки?

20. Рок во којшто институцијата одговорила на барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер.

## 2. Прашалник за истражување на активната транспарентност на Министерството за финансии за изработка на Индексот на активна транспарентност

**Прва група прашања: Пристап до информации**

1. Дали има на интернет-страницата посебен оддел за пристап до информации?

2. Дали тој посебен оддел за пристап до информации се наоѓа на основното мени, на почетната страна или до него се доаѓа со клик?

3. Дали е објавено името на службеното лице за посредување со информации?

4. Дали се објавени основни податоци за контакт со имателот на информацијата (адреса, телефон, е-маил)?

5. Дали е објавена листа на информации со кои располага институцијата?

**Втора група прашања: Информации за надлежноста и за услугите**

6. Дали се објавени прописите кои се однесуваат на надлежноста на имателот на информации?

7. Дали се објавени предлог-програми, програми, стратегии, ставови, мислења, студии и др. слични документи од надлежноста на имателот?

8. Дали се објавени информации за надлежностите на институцијата?

9. Дали се објавени услугите што ги дава институцијата?

10. Дали е објавена организациската структура (шема, органограм) на институцијата?

11. Дали се објавени имиња на вработени/раководители со контакти?

12. Дали се издава информативен билтен или друг облик на информирање?

**Трета група прашања: Буџетска и финансиска транспарентност**

13. Дали е објавен буџетот на институцијата за тековната година?

14. Дали е објавена завршна сметка на буџетот за претходната година?

15. Дали е објавена скратена верзија од стратешкиот план за тековната година?

16. Дали се објавуваат тековни огласи за јавни набавки?

17. Дали се објавуваат тендерски документации за тековните огласи?

18. Дали е објавен годишен план за јавни набавки за тековната год.?

19. Дали се објавуваат известувања за склучен договор од јавни набавки?

20. Рок во којшто институцијата одговорила на барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер.

21. Дали се објавуваат месечни извештаи за извршување на буџетот во 2018/19 година?

22. Дали се објавува извештај за извршување на буџетот за првите шест месеци од годината во 2018 година?

23. Дали се објавуваат податоци за јавниот долг на РМ во 2018/19 година?

## 3. Прашалник за истражување на активната транспарентност на општините и на Град Скопје за изработка на Индексот на активна транспарентност, со бодови

**Прва група прашања: Пристап до информации**

1. Дали има на интернет-страницата посебен оддел за пристап до информации?

2. Дали тој посебен оддел за пристап до информации се наоѓа на основното мени, на почетната страна или до него се доаѓа со клик?

3. Дали е објавено името на службеното лице за посредување со информации?

4. Дали се објавени основни податоци за контакт со имателот на информацијата (адреса, телефон, е-маил)?

5. Дали е објавена листа на информации со кои располага институцијата?

6. Дали се објавени прописите кои се однесуваат на надлежноста на имателот на информации?

7. Дали се објавени предлог-програми, програми, стратегии, ставови, мислења, студии и др. слични документи од надлежноста на имателот?

8. Дали се објавени информации за надлежностите на институцијата?

9. Дали е објавен статутот на општината?

**Втора група прашања: Информации за надлежноста и за услугите**

10. Дали се објавени службените гласници на општината?

11. Дали се објавуваат дневните редови за седниците на Советот на општината?

12. Дали се објавуваат одлуки на Советот на општината?

13. Дали се објавени услугите што ги дава институцијата?

14. Дали е објавена организациската структура (шема, органограм) на институцијата?

15. Дали се објавени имиња на вработени/раководители со контакти?

16. Дали се издава информативен билтен или друг облик на информирање?

**Трета група прашања: Буџетска и финансиска транспарентност**

17. Дали е објавен буџетот на институцијата за тековната година?

18. Дали е објавена завршна сметка на буџетот за претходната година?

19. Дали се објавуваат квартални извештаи за извршување на буџетот во 2018/19 година?

20. Дали се објавува граѓански буџет за тековната година?

21. Дали се објавуваат тековни огласи за јавни набавки?

22. Дали се објавуваат тендерски документации за тековните огласи?

23. Дали е објавен годишен план за јавни набавки за тековната година?

24. Дали се објавуваат известувања за склучен договор од јавни набавки?

**Четврта група прашања: Информации за специфичните надлежности на општините**

25. Дали е објавен ГУП (информации за урбанистичкото планирање)?

26. Дали се објавуваат ДУП (информации за урбанистичкото планирање)?

27. Дали се објавуваат одобренија за градба (информации за урбанистичкото планирање)?

28. Дали се објавуваат информации за заштита на животната средина?

29. Дали се објавуваат информации за локалниот економски развој?

30. Дали се објавуваат информации за комуналните дејности?

31. Дали се објавуваат информации за културата?

32. Дали се објавуваат информации за спортот и рекреацијата?

33. Дали се објавуваат информации за социјална заштита и заштита на децата?

34. Дали се објавуваат информации за образованието?

35. Дали се објавуваат информации за здравствената заштита?

36. Дали се објавуваат информации за мерките за заштита и спасување на граѓаните?

37. Дали се објавуваат информации за противпожарната заштита?

38. Дали се објавуваат информации за надзорот над вршењето на работите од надлежност на институцијата?

39. Дали е објавена информација за стапката на данокот на имот што ја пропишува општината?

40. Дали е објавена информација за надоместокот за уредување на градежно земјиште?

41. Рок во којшто институцијата одговорила на барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер.